# Living the Lotus

## Buddhism in Everyday Life

7
2024
VOL. 226














Rissho Kosei-kai of Phnom Penh

**Living the Lotus**
**Vol.226 (Јули 2024)**

Објавено од Ришо Косеи Каи
Фумон Медиа Центер, 2-7-1 Вада, Сугинами-Ку, Токио, 166-8537 Јапонија
Тел: +81-3-5341-1124
Факс: +81-3-5341-1124
Имејл: ливинг.тхе.лотус.рк-интернационал Жкосеи-каи.ор.јп
Сениор Едитор: Кеиицх Акагава
Едитор: Сачи Микава
Цопѕ Едитор: Александар Димовски
Уредувачкиот тим на Меѓународното Ришо Косеи Каи

Ришо Косеи Каи е световна Будистичка организација чија света списа е Тројната Лотос Сутра. Таа била создадена од Основачот Никјо Нивано и Ко-основачот Мјоко Наганума во 1938. Оваа организација е составена од обични луѓе и Жени кои имаат верба во Будата и стремат да ја збогатат нивната духовност преку примена на неговите учења во секојдневниот живот. И во локалните заедници и на меѓународно ниво, ние, под водството на Претседателот Ничико Нивано сме многу активни во промовирање на мир и благосостојба преку алтруистички активности и соработка со други организации.

Насловот на овој билтен, Живеејќи го Лотосот- Будизам во секојдневниот живот, ја пренесува нашата надеж за стремење кон практикување на учењата на Лотос Сутрата во секојдневниот живот во несовршен свет за да ги збогатиме и направиме нашите животи повредни за живеење, како што убавите лотосови цвеќиња цветаат во калливо езерце. Овој билтен има за цел да им помогне на луѓето насекаде во светот да го применат Будизмот полесно во нивните секојдневни животи.



# Нашите животи и вечниот живот

Поч. Ничико Нивано
Претседател, Ришо Косеи-каи

## Животот е штафетна трка

Со декади, проповедникот на Ринзаи сектата Таидо Матсубара (1907-2009) продолжил да ги изложува Будините учења во едноставен, лесно разбирлив стил. При настанот на неговото беију (осумдесет-и-осумти роденден, согласно на традиционалниот начин на броење на годините), тој ја составил оваа поема:

‘За повеќе од осумдесет години, / Мојата покојна мајка ме водеше за рака, / Преку планини и преку реки, / За да бидам благословен со овој ден.’

Во предавањето во чест на Уламбана фестивалот, Поч. Матсубара додал неколку реченици на оваа поема, која безрезервно ги изразува неговите чувства на копнеж за и благодарност кон неговата мајка: ‘Благодарам, мајко. Благодарам за создавањето да живеам, срдечно и здраво, до сегашната година.’

Следната година, јас ќе бидам на истата возраст како што Поч. Матсубара бил кога ја напишал оваа поема, и посебно кога Уламбана сезоната доаѓа, јас сигурно нема да бидам единствениот кој ги чувствува се појако таквите емоции како што тој ги изразил за починатиот родител.

Јас исто го помнам следниот пасус од една од книгите на Поч. Матсубара:

‘Животот е како штафетна трка која нема крајна линија. Човечките битија живеат и умираат, како тркачи во оваа штафетна трка на животот, која продолжувала со милијарди години. Ние трчаме толку брзо колку што можеме, и тогаш ние ја предаваме палката кон следниот тркач’ (Матсубара Таидо но сепо јинсеи (Животот на Таидо Матсубара на подучување на Дармата), Косеи Издавачка Куќа, 2004).

Сите нешта кои примаат живот мора еден ден да се соочат со смртта. Ние имаме тенденција да мислиме на моментот кога нашите животи завршуваат како ‘завршната линија на животот.’ Меѓутоа, Поч. Матсубара рекол дека животот е штафетна трка без крајна линија.

## Ние го живееме вечниот живот

Професорот Ко Хирасава (1900-89), кој служел како претседател на Кјото Универзитетот, презентира поконкретен поглед на виталноста со која животот функционирал со милјарди години.

‘Смрт е кога животот, даден од природата, се враќа кон неговиот оригинален извор, се променува станувајќи дел од природата, и пак повторно зема улога во конструкцијата на природата. Смртта не е промена на животот во ‘ништожност’, тоа е живот кој учествува во појава на нова природа’ (Икијо, кјо мо јороконде (Живот со радост повторно денеска), Чичи Издавачка Куќа, 1995).

Овие зборови на д-р. Хирасава не даваат ни најмала импресија на осаменост или тага при соочување со смртта. Напротив, тие ни презентираат на нас величествена панорама, која се простира пред нас, на нашите животи кои си одат дома во моментот на смртта, како придружување на голема река која продолжува да тече од минатото кон иднината, враќајќи се во природата, и продолжувајќи да живее како вечен живот.

Многу луѓе чувствуваат зголемена вознемиреност и страв како што смртта конечно доаѓа по нив. Се чини дека некои луѓе неможат да поднесат да мислат на такви нешта како тие самите исчезнуваат од овој свет. Навистина, потрагата на Шакјамуни по вистинската Дарма била мотивирана од неговата желба да ги ослободи сите луѓе од страдањата на раѓање, стареење, болест и смрт, така да ние можеме дури да кажеме дека сакајќи да се избегне смртта е природен импулс. Покасно, сепак, Шакјамуни ги изложувал и пренесувал учењата со кои ние човечките битија можеме да ги надминеме таквите страдања и вознемиреност, во форма на Четирите Племенити Вистини и Осмострукиот Пат, кои се принципи базирани на вистината која вклучува непостојаност – со други зборови, секој ќе биде ослободен преку научување да ги прифати страдањата и да ги практикува доблестите на тие учења. Всушност, како што знаеме од Параболата на Семињата од Семф, Киса Готами, која го изгубиле нејзиното младо дете, имала средба со Шакјамуни која водела до нејзиното разбудување, после кое таа самата кажала: ‘Јас го практицирав племенитиот Пат, кој се содржи од Осум методи на Дарма практикување, (Патот) водејќи кон бесмртност. Јас се имам вистински разбудено кон вистински мир на умот и погледнато во огледалото на вистинската Дарма.’

(Од *Косеи*, Јули 2024)



# Вовед кон Ришо Косеи-каи преку стрипови

## Станувајќи членови на Ришо Косеи-каи

### Земајќи ги членовите за рака за подобрување на нивната поврзаност со Дармата (Тедори)

И покрај тоа што учењето е прекрасно, вие неможете да достигнете среќа само со станување на член. Важно е да се применат учењата во пракса во вашите секојдневни животи. За новите членови да ги практикуваат учењата во нивните секојдневни животи, водачите и членовите кои им претходат треба да ги земат новите членови за рака и да ги поддржат нив во Патот; ова е наречено тедори практикување.

Новите членови можат да научат многу нешта кога тие ги придружуваат нивните постари водачи на Дарма разјаснувањето. Примајќи прашања од некој кој го сретнале може да ги води нив да осознаат дека тие ги немаат проучувано учењата доволно и да им помогнат со мотивација да научат повеќе.

Повеќе од тоа, преку слушање на погледи на друга личност и гледајќи го неговиот или нејзиниот начин на живот, новите членови можат да се осврнат на нивните сопствени животи.







**Дали знаевте?**

Во Ришо Косеи-каи, ние имаме идеја дека секој кој се придружува на нашата организација добива улога како разјаснувач на учењата. Тоа значи дека од првиот ден кога ние стануваме членови, ние имаме одговорност да го правиме тоа што ги прави другите луѓе среќни и да го пренесеме тоа што го имаме научено од постарите членови. Ајде да ги придружуваме постарите членови во нивната тедори практика.

* Секоја репродукција или реобјавување на оваа содржина е забранета освен репродукции за лична, некомерцијална, и информативна употреба.

## Ценејќи ги нашите претци




Во Дарма центрите и другите места, членовите учествуваат во практикување, седејќи во круг, каде тие учат еден од друг како да ги гледаат нештата од Будистичка перспектива. Тоа е пракса на хоза сесија, или Дарма круг.

Ришо Косеи-каи дава голема важност на хоза затоа што тоа е место каде луѓето можат да ги споделат нивните искуства на достигнување среќа преку практикување на Дарма исто како и место каде луѓето кои страдаат од грижи можат да ги слушаат учењата.

Проучувањето и практикувањето на Дармата значи дека додека ние ги проучуваме Будините учења, ние секогаш мислиме дали ги водиме нашите секојдневни животи во согласност со учењата.

Заради тоа, во процесите кои ние ги повторуваме преку придружување на хоза и учењето и практикување на Дармата, ние можеме да ги развиеме нашите карактери.




**Дали знаевте?**

Оригинално, Јапонскиот збор хоза се однесува на седиштето на Шакјамуни Буда или седиштето поставено еден чекор повисоко за личноста која ја изложува Дармата. Тоа исто значи местото или собиралиште каде Дармата се подучува.

# Нашата длабока поврзаност со Будата

## Лотос Сутрата нé подучува дека ние имаме длабока поврзаност со Будата

Поч. Никјо Новано
Основачот, Ришо Косеи-каи



Овој пат, во корист на почетниците, дозволете ми да зборувам за темата на нашата поврзаност со Будата.

Околу 1400 години претходно во Кина, монахот Зији, исто познат како Мајстор Тиантаи и честоословуван разговорно како ‘малиот Шакјамуни,’ логично ги организирал и изнесувал учењата на Лотос Сутрата. За време на тренингот на Мајсторот Таинтаи, различни случки, како следнава, се случиле.

Еден ден, Мајсторот Тиантаи патувал низ разрушеното од војна село во очај на Планината Дасу во Гуангзоу (денешна Хенан провинција) затоа што научил дека почитуваниот монах Нанјуе Хуиси (515-77) престојувал таму. Кога стигнал таму, тој го прашал Нанјуе да го прифати него како ученик. Речено е дека во моментот кога Мајсторот Нанјуе фрлил прв поглед кон младиот Мајстор Тиантаи, Нанјуе ги рекол следниве зборови:

‘Во далечното минато, на Боговскиот Орлов Вис, ти и јас ја слушавме Лотос Сутрата заедно. Таа кармичка поврзаност дојде до плодови, и така сега ти дојде до мене.’

‘Боговски Орлов Вис’ е планината каде Шакјамуни Буда ја изложувал Лотос Сутрата. Терминот ‘кармичка поврзаност’ се однесува на врските кои произлегуваат од настаните во претходниот живот.

Патем, Пречесниот Етаи Јамада (1895-1994), водачот на Тендаи Будистичката секта (во времето на овој 1990 Дарма разговор), и Професорот Зао Пучу (1907-2000), претседавачот на Будистичката Асоцијација на Кина (исто во 1990), се Будистичките водачи кои јас највисоко ги почитувам. Во летото на 1987, јас имав привилегија да поминам три цели дена, од утро до вечер, дискутирајќи го Лотосот со двата мајстори. За време на тие три дена, Професорот Зао, зборуваше со убеденост, радосно повторувајќ и ги следните зборови многу пати:

‘Ние тројцата дискутирајќи ја Лотос Сутрата заедно како сега е врвна радост. Јас немам сомнеж дека кога Шакјамуни Буда ја изложувал Лотос Сутрата на Боговскиот Орловски Вис, ние сите бевме таму слушајќи заедно.’

Кога јас првпат го слушнав него како го кажува ова, јас бев изненаден за момент, но после понатамошно размислување, јас дојдов до верување дека луѓето кои можат со цело срце да си веруваат еден со друг во овој живот се врзани со некој вид на кармичка поврзаност од претходен живот. Ова искуство направи да длабоко го ценам тоа.

Лотос Сутрата, на која ние се посветуваме себеси и нашето практикување, е понекогаш наречено ‘Сутра на гаранции за Будаство.’ Терминот ‘гаранција за будаство’ се однесува на гаранцијата на будаство која Шакјамуни Буда ја даде на неговите верници, велејќи, ‘Во иднината, вие сигурно ќе достигнете разбудување на буда.’ Во Лотос Сутрата, Будата повторувачки им дава на големи броеви на верници гаранции на станување на буда.

Згора на тоа, (во светло на тие гаранции, кои го претскажуваат достигнувањето на будаство во далечната иднина на примателите), јас мислам дека (спротивно на други интерпретации на Лотос Сутрата) тоа може исто така да биде наречено ‘Сутра на практикување низ многу калпи.’ Фразата ‘практикување низ многу калпи’ значи дека поединците продолжуваат со нивната духовна пракса преку бројни животи, бивајќи преродени повторно и повторно се додека тие на крајот достигнат будаство.

Во прилог на тие начини да се опише Лотос Сутрата, јас мислам дека е соодветно да се нарече таа ‘Сутрата која нé подучува нас на нашата поврзаност со Будата,’ затоа што од почеток до крај, таа ја опишува нашата длабока поврзаност со Будата.






## A Global Buddhist Movement




**Information about local Dharma centers**

**facebook**

**X**

Ние ги сметаме за добродојдени коментарите на нашиот билтен Живеејќи го Лотосот :
living.the.lotus.rk-international@kosei-kai.or.jp